**Поддржете го основањето на**
# РЕКОМ!



Коалиција за РЕКОМ, јули 2015
www.recom.link
www.facebook.com/ZaREKOM.PerKOMRA.ForRECOM
Twitter: @REKOM_KOMRA

# го поддржувам РЕКОМ



РЕКОМ е кратенка за називот на Регионалната комисија за утврдување на фактите за воените злосторства и другите тешки кршења на човековите права извршени на територијата на бивша СФРЈ од 1 јануари 1991 до 31 декември 2001 година, за чиешто основање за залага мрежа на организации на цивилното општество од постјугословенските земји (Коалицијата за РЕКОМ), која брои 2.050 членови. Коалицијата за РЕКОМ ја сочинуваат организации и активисти за човекови права, здруженија на семејствата на исчезнатите/бегалците/ветераните и здруженија на бивши логораши, членови на семејствата на жртвите на воените злосторства, уметници, писатели, новинари, правници, истражувачи и други поединци кои непосредно учествуваат во промовирањето на идејата за основање на Регионалната комисија.

Иницијативата за основање на Регионалната комисија беше покрената во 2006 година од страна на три невладини организации за човекови права: Фондот за хуманитарно право (Србија), Documenta (Хрватска) и Истражувачко-документацискиот центар (Сараево).

Коалицијата за РЕКОМ е основана на 28 октомври 2008 година во Приштина. По четиригодишната дебата за целите, задачите и активностите на идната Регионална комисија, ***на 26 март 2011 година Коалицијата го усвои Предлог Статутот на РЕКОМ.***

Во мај и јуни 2011 година, Коалицијата организираше кампања за основање на РЕКОМ во 13 градови во посткјугословенските земји, во текот на која ***550.000 граѓани ја потпишаа петицијата за основање на Регионална комисија.***

Кон крајот на јуни 2011 година, Коалицијата им ги предаде петиијата со 550.000 потписи и Предлог Статутот на РЕКОМ на тогашните претседатели на постјугословенските земји, повикувајќи ги заеднички да основаат меѓудржавна комисија која ќе ги утврди фактите за воените злосторства и за другите тешки кршења на човековите права, која ќе состави поименична евиденција на луѓето кои ги загубиле животите во војните на подрачјето на поранешна Југославија во периодот од 1 јануари 1991 до 31 декември 2001 година и ќе направи регистер на логорите и на другите објекти на заточенитштво и ќе ги признае неправдите нанесени на жртвите.

Со цел да се направи пренос на Иницијативата на политичко ниво, во септември 2011 година Коалицијата побара од претседателите на државите да именуваат свои претставници за РЕКОМ, со задача да дадат мислење за Предлог Статутот на РЕКОМ во контекст на уставно-правните можности за основање на РЕКОМ.

Претседателите и Претседателството на БиХ го прифатија предлогот на Коалицијата и за свои ***лични претставници за РЕКОМ***, ги именуваа овие угледни личности:
проф. д-р ***Злата Ѓурѓевиќ***, претставничка на претседателот на Хрватска;
судијата ***Синиша Важиќ***, претставник на претседателот на Србија;
***Лубен Арнаудоски***, заменик на генералниот секретар за правни и организациски работи во кабинетот на претседателот на Македонија;
проф. д-р ***Соња Томовиќ Шундиќ***, претставничка на претседателот на Црна Гора;
***Селим Сеилими***, правен советник на претседателката на Косово;
***Аљоша Чампара***, деградоначелник на Сараево како претставник на бошњачкиот член на Претседателството на БиХ и
***Горан Михаљевиќ***, правен експерт за соработка со Хашкиот трибунал како претставник на хрватскиот член на Претседателството на БиХ.

По едногодишна заедничка работа и консултации со претседателите/Претседателството на БиХ, на 28 октомври 2014 година, претставниците за РЕКОМ ѝ го предоадоа на Коалицијата документот ***Измени на Статутот на РЕКОМ.***

На 14 ноември 2014 година, Собранието на Коалицијата ги разгледа *Измените на Статутот на РЕКОМ* и ги поддржа без ниту една забелешка. Коалицијата оцени дека „суштината на предлог Статутот е сочувана, дека укинувањето на репресивните овластувања ги отстранува сомнежите дека РЕКОМ ја презема надлежноста на судските органи и дека процедурата на кандидирање и избор на избирачките одбори и на членовите на Комисијата е значително поедноставена". Коалицијата за РЕКОМ ги поздрави измените во финансирањето на Комисијата, со коишто е предвидено РЕКОМ да се финансира со домашни и странски донации, како и од средства на меѓународни организации, а не со придонеси на државите, како што предлагаше Коалицијата. Коалицијата особено го поздравува ставот на претставниците меѓу целите на Комисијата да биде и „унапредувањето на образовните програми во согласност со фактите коишто ќе ги утврди Комисијата."

Во меѓувреме, во БиХ е избрано ново Претседателство, а во Хрватска нова претседателка. Пред Коалицијата стои задачата да ја обезбеди поддршката на новите лидери – Драган Човиќ, хрватскиот член, и Младен Иваниќ, српскиот член на Претседателството на БиХ, како и на Колинда Грабар Китаровиќ, претседателката на Хрватска. За тоа повторно ѝ е потребна силна јавна поддршка.

Добра вест: На 6 јули 2015 година, по состанокот со јавните заговарачи на Иницијативата за РЕКОМ, премиерот на Србија, Александар Вучиќ, им соопшти на медиумите дека Владата на Србија дава целосна поддршка за основање на оваа регионална комисија.